# HISTORICAL REVIEW OF THE DEVELOPMENT OF THE SECURITY SYSTEM OF THE REPUBLIC OF MACEDONIA AS A PRECONDITION FOR THE DEVELOPMENT OF STATE AND THE LAW

**Dimitar Spaseski**
Municipality of Ohrid, Republic of Macedonia, spaseskidimitar@yahoo.com

**Abstract:** The security system in the Republic of Macedonia is established as a system of protection of the basic values, a system that should be in function of the protection of the state and the rights and freedoms of all citizens of the Republic of Macedonia, but also a system that should protect the state from all types of threats.

The state security policy should be set up so that it can perceive, prevent and eliminate all occurrences of internal or external character in a timely manner that would cause minor or greater violations of the security situation in the society, and thus certain consequences for the citizens and the system, in general. To achieve these goals the state should keep a security policy that means the construction and upgrading of the security system that will be able to respond to modern security challenges, to prevent and resolve the eventual crisis in the country, and to be the guarantor of peace and stability of the state.

From the tribal society, the first forms of endangerment of human communities are dated when the survival of man and tribal community was often questioned. But, at that very low and primitive level of development, the man undertook a series of measures to protect him from all kinds of threats and from the dangers that were manifested to him. From then until today's modern societies, the forms and types of endangering of human communities have not disappeared, but rather drastically increased, posing a threat not only in the socio-economic development, but also on the survival of the state and its population.

Each society, regardless of internally established socio-political, economic, social and other relationships, determines the social values that are the subject of protection and who actually are of vital interest or the interest of the whole community. These primarily include material goods of society, the state order, territorial integrity, the life and health of the population, its rights and freedoms, etc.

Organized crime, corruption and other forms of serious crime that are on the rise are a serious threat to any country. The growth of well-organized criminal groups and transnational organizations on a global scale are factors that seriously affect security in the country and beyond. This situation not only undermines the fundamental values of society, morality and legal norms, but also has a major impact on the economic growth of the country.

**Keywords:** security system, state, security policy, construction, crisis;

# ИСТОРИСКИ ОСВРТ НА БЕЗБЕДНОСНИОТ СИСТЕМ НА РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА КАКО ПРЕДУСЛОВ ЗА РАЗВОЈОТ НА ДРЖАВАТА И ПРАВОТО

**Димитар Спасески**
Општина Охрид, e-mail: spaseskidimitar@yahoo.com

**Резиме:** Безбедносниот систем во Република Македонија се конституира како систем на заштита на основните вредности, систем кој треба да биде во функција на заштитата на државата и на правата и слободите на сите граѓани на РМ, но и систем кој треба да ја заштити државата од сите видови на закани.

Безбедносната политика во државата треба да биде така поставена за да може навремено да ги согледа, да ги спречи и елиминира сите појави од внатрешен или надворешен карактер кои би предизвикале помали или поголеми нарушувања на безбедносната состојба во општеството, а со тоа и одредени последици по граѓаните и системот, воопшто. За остварување на овие цели државата треба да води безбедносна политика која значи изградба и надоградување на безбедносен систем кој ќе биде во состојба да одговори на современите безбедносни предизвици, да спречува и реши евентуална појава на кризи во државата, односно да биде гарант на мирот и стабилноста на државата.

Уште од првобитното општество датираат првите облици на загрозување на човековите заедници кога често во прашање се доведувал опстанокот на човекот и племенската заедница во целина. Но, и на тој мошне низок и примитивен степен на развој, човекот преземал низа мерки за заштита од сите видови на загрозувања, односно опасности кои му се манифестирале. Од тогаш, па сѐ до денешниве современи општества, облиците и видовите на загрозување на човековите заедници не само што не исчезнале туку

многукратно се зголемувале, претставувајќи закана не само по општествено-економскиот развој туку и по опстанокот на државата и нејзиното население.

Секое општество, без оглед на внатрешно поставените општествено-политички, економски, социјални и други односи, ги одредува општествените вредности кои се предмет на заштита и кои всушност се од витален интерес, односно се од интерес на целата заедница. Тука, пред сѐ, се вбројуваат материјалните добра на општеството, државното уредување, територијална целокупност, животот и здравјето на населението, неговите права и слободи и друго.

Организираниот криминал, корупцијата и другите облици на сериозен криминал кои земаат голем замав во поново време, се сериозна закана за секоја држава. Порастот на добро организираните криминални групи и транснациолнални организации на глобално ниво, се фактори кои сериозно влијаат на безбедноста во државата, па и пошироко. Ваквата состојба не само што ги поткопува основните вредности на општеството, моралноста и правните норми туку има и големо влијание врз економскиот раст на државата.

**Клучни зборови:** безбедносен систем, држава, безбедносна политика, изградба, криза;

## 1. ВОВЕД

Во услови на изградба на безбедносниот систем на една земја од исклучително значење е и безбедносната состојба во целиот регион. Така, регионот на Југоисточна Европа во кој припаѓа и Република Македонија, и покрај напредокот на безбедносната состојба и понатаму е регион каде што сѐ уште постојат закани по безбедноста, чии корени се во политичкиот екстремизам, екстремниот национализам, верската и расната нетрпеливост, што заедно со постоењето на слаби државни институции и непостоење на владеење на правото, во некои држави и региони како и транснационалните опасности, претставуваат основа за висок степен на ризици и опасности по Република Македонија, по земјите во регионот и Европа. Република Македонија е во централниот дел на Југоисточна Европа и претставува природна и географска крстосница меѓу Европа, Азија и Африка што е од големо значење за нејзиниот развој. Географската положба на Република Македонија од безбедносен аспект ја вбројува во земјите кои се наоѓаат на крстосницата на главните патишта на тероризмот, илегалната миграција, илегалната трговија со дрога, оружје и луѓе од Азија и Африка кон Западна Европа. И покрај сите напори за заштита на границата и елиминирање на овие закани, Република Македонија е свесна дека не може сама да ги реши транснационалните опасности без помош и соработка со своите соседи и меѓународната заедница. Република Македонија сериозно чекори на патот кон создавање на безбедносно опкружување и услови за модерно граѓанско општество, притоа подеднакво водејќи сметка и за развојот на економијата и истакнувањето на значењето и важноста на социјалната димензија и унапредувањето на животната средина.

Во едни вакви околности започнаа да се поставуваат основите на безбедносната политика на Република Македонија. Овој процес започна со донесувањето во највисокиот правен акт, Уставот на Република Македонија (од 1991 година со Уставните амандмани од 1992, 1998, 2001, 2003, 2005 и 2009 година ), но и во низа други закони, подзаконски акти, стратегии, уредби, правилници, упатства и сл., кои се однесуваат на безбедноста и одбраната на државата, а поголемиот дел од нив се донесени како резултат на аспирациите за членство на Република Македонија во НАТО и ЕУ, и тоа:

- Стратегија за одбрана на Република Македонија, донесена во септември 1998 година[605];
- Националната концепција за безбедност и одбрана, донесена од Собранието на РМ на 11.6.2003 година[606];
- Декларација за поддршка на стратегиските интереси на Република Македонија[607];
- Стратегиски одбранбен преглед[608];
- Стратегиски одбранбен преглед III фаза[609].

Клучни акти на кои се темели безбедносната политика на Република Македонија, покрај наведените се и: Закон за внатрешни работи[610] (1995 година), Закон за Агенцијата за разузнавање[611] (1995 година), Закон за

[605] „Службен весник на Република Македонија“, бр. 45/1998.
[606] http://arhiva.vlada.mk/files/Vladina_koncepcija_za_bezbednost.pdf.
[607] Декларација за поддршка на стратегиските интереси на Република Македонија, Охрид, 10 ноември 2004.
[608] Влада на Република Македонија, Политичка рамка на СОП, Скопје, октомври 2003.
[609] Програма за трансформцијана Армијата на Република Македонија, Влада на РМ, Скопје, мај 2004.
[610] „Службен весник на Република Македонија“, бр. 19/95.
[611] Исто таму.

одбрана[612] (2001 година), Национална стратегија за интегрирано гранично управување[613] (2003 година), Закон за спречување на перење пари и други приноси од казниво дело[614] (2004), Закон за Царинската управа[615] (2004), Закон за заштита на лични податоци[616] (2005), Закон за управување со кризи[617] (2005), Национален акциски план за интегрирано гранично управување[618] (2005), Закон за надворешни работи[619] (2006), Закон за следење на комуникациите[620] (2006 година), Закон за полиција[621] (2006, стапи во сила на 11.11.2007 година) и други релевантни закони, подзаконски акти, стратегии и сл., донесени во периодот 2008 - 2015 година.

На ваков начин, Република Македонија се определи за изградба на безбедносен систем кој во иднина ќе ѝ овозможи не само заштита на сопствениот територијален интегритет и суверенитет туку ќе даде и голем придонес во градењето на светскиот мир и безбедност.

Основна цел на системот за безбедност е да ја заштитува, одржува и унапредува безбедносната состојба на државата, создавајќи амбиент за остварување на националните интереси на земјата.

Системот за безбедност на Република Македонија би можел да се дефинира како:

„ систем за заштита од заканите и опасностите по независноста и територијалниот интегритет на земјата, личната сигурност, имотот и слободите и правата на граѓаните; за спречување на насилно уривање на демократските институции и разгорување на национална и верска нетрпеливост во земјата; борба против криминалот, шпионажата, тероризмот, даночните затајувања, перењето пари, криумчарењето, недозволената трговија на стока, оружје и други производи; недозволените финансиски и други активности насочени против економските политичките и другите интереси на земјата и заштитата на животната средина“[622].

Ефикасноста на системот за безбедност, треба да се огледа, пред сè, во неговата способност навремено и адекватно да се откријат, спречат и елиминираат сите облици на непријателски внатрешни и надворешни дејности со кои се загрозуваат вредностите и општеството во целина.

Реформите на безбедносниот систем на РМ значеа воведување на реформи во рамки на полицијата. Така, во рамки на Министерството за внатрешни работи се формира посебен Оддел за организиран криминал.

За Република Македонија, покрај градењето на сопствен безбедносен и одбранбен систем, од особено значење е членувањето во колективните системи на безбедност и одбрана, затоа што, како дел од колективниот безбедносен механизам, државата ќе осигура поголема ефикасност и висока борбена готовност, како и заштита на сувереноста и територијалниот интегритет на земјата.

## 2. ПРОБЛЕМИ СО КОИ СЕ СООЧИ БЕЗБЕДНОСНИОТ СИСТЕМ ВО ПЕРИОДОТ НА НЕГОВО ГРАДЕЊЕ

Безбедноста на Република Македонија уште од стекнувањето на независноста, беше директно загрозувана и доведувана во прашање. Државата се соочи со оспорување на територијата, со негирање на националниот идентитет или искривена интерпретација на македонската идентификација и историја. Поради признавањето на новата држава Косово, Република Македонија има сериозен проблем со северниот сосед, Србија.

Непризнавањето на македонскиот народ, како и македонскиот јазик од источниот сосед, Бугарија, ја прави спорна и источната граница, а нашата јужна граница е релативизирана со континуираното и систематско оспорување на нашето уставно име од Република Грција. Состојбата со западната граница и западниот сосед, Албанија, сè уште не е целосно затворено прашање, пред сè во контекст на решавањето на албанското прашање пошироко, а посебно во Република Македонија.

---

612 „Службен весник на Република Македонија“, бр. 42/2001.
613 http://www.igu.gov.mk/?q=node/17.
614 „Службен весник на Република Македонија“, бр. 46/2004.
615 Исто таму.
616 „Службен весник на Република Македонија“, бр. 7/2005.
617 „Службен весник на Република Македонија“, бр. 29/2005.
618 Интернет ресурси: http://www.igu.gov.mk/?q=node/17.
619 „Службен весник на Република Македонија“, бр. 46/2006.
620 http://mioa.gov.mk/files/pdf/dokumenti/ZAKON_ZA_SLEDEWE_NA_KOMUNIKACIITE.pdf.
621 „Службен весник на Република Македонија“, бр. 114/2006.
622 Реформите на безбедносниот сектор во Република Македонија и нивното влијание врз борбата против криминалитетот, Зборник на трудови од меѓународната научна и стручна конференција одржана на 15. 09. 2012 година во Скопје, стр. 10.

Дополнителен проблем за новата држава претставуваше и сиромаштијата, економските и социјални блокади, неподготвеноста за реформи и за сузбивање на незаконското богатење, изигрувањето на законите во редовите на одлучувачките фактори, а за сметка на социјалната деградација на огромното мнозинство на население, несигурноста и бегањето на многу квалитетни кадри надвор од границите на сопствената татковина. Овде секако може да се пронајде и основата за почеток и експанзија на организираниот криминал, а главната цел на учесниците во него без разлика на верската и етничката припадност е ширење на сопствената бизнис територија. Нелегалните бизниси на овие криминални структури остваруваа огромни профити така што невозможно беше легалните македонски власти да немаат сознание за ваквите врски.

Сите овие процеси, несомнено, го поткопуваат кревкиот безбедносен систем на новоформираната македонска држава и ја прават мошне сложена и неизвесна безбедносната состојба на Република Македонија со „најави" за економски колапс, војна и слични песимистички и безнадежни состојби.

Третиот милениум, меѓународната заедница го започна со интензивни структурни промени во економско-политичката, научната, техничко-технолошката, воената, социјалната и во другите сфери од живеењето. Големата трансформација на светот и односите во него, се одвиваа под силни влијанија на владејачките светски економски и технолошки сили, што само по себе претставува историски чин.

Во светлината на овие и останатите бурни историски и спектакуларни промени и процеси, Република Македонија, по распадот на СФРЈ, воспоставува независност и самостојност, го напушта дотогашниот самоуправен социјалистички систем и го заменува со нов систем на граѓанско општество со парламентарна демократија и повеќепартиски систем.

Новото македонско општество, го зафаќаат темелни и суштински промени во сите сфери од општественото живеење, се донесува нов Устав, во кој заедно со другите законски акти е нормиран новиот вредносен систем. Напуштен е стариот безбедносен систем и воспоставен е нов и функционален безбедносен систем, кој како функција на државата, треба да биде гарант за заштитата на општествените вредности.

Новиот систем за безбедност на Република Македонија, претставува ново и современо одбранбено организирање и подготвување на државата, кој ќе го штити и унапредува новиот систем на вредности, поточно ќе го штити општеството од сите загрозувања и насилства, а на граѓаните ќе им гарантира слобода и мир. Во него се акцептирани историските искуства на нашето одбранбено организирање и сегашните реални услови. Донесениот нов Устав[623] и Законот за одбрана[624], претставуваат нормативно-правни акти, т.е документи во кој се вградени и операционализирани основите на политиката и доктрината на македонска одбрана.

Тешкотии во демократските и безбедносните реформи постојано беа присутни, пред сè, заради скромното домашно искуство, не опременост и не едуцираност на безбедносните сили, непостоење на законска регулатива, соодветни ефективни организациски структури, како и тенденција кон создавање на нова безбедносна околина. Секој од овие фактори на свој начин, многу силно, влијаеше на немоќта на државата да ги искористи своите и така ограничени ресурси за да отпочне, смело, со неопходните реформи во безбедносниот сектор.

Главниот проблем кој се појави при креирањето на македонскиот безбедносен систем е тоа што наместо да се креира безбедносен систем што ќе биде заснован на безбедносните интереси на државата во целина, Република Македонија креираше систем за безбедност кој се темелеше на политички компромис на разните етнички групи во неа. Неподготвеноста на Република Македонија за кризата во 2001 година, покажа дека безбедносниот систем е така изграден, што безбедноста треба да ни ја решава некој друг. Недостатокот на координација на домашните и меѓународните фактори, создаваше конфузни ситуации и не беше многу погодна за вршење доследна и конзистентна реформа на безбедносниот сектор.

Конкретно, безбедносниот систем на Република Македонија има низа пропусти. Како сериозен пропуст на македонскиот безбедносен систем е укинувањето на Факултетот за безбедност, во 1995 година, кој функционираше во рамките на Универзитетот „Св. Кирил и Методиј“ – Скопје. На тој факултет се образуваа кадри кои се стекнуваа со врвни знаења од областа на безбедноста, откривањето, попречувањето и отстранувањето на сите видови криминалитет. На овој начин, се чини сериозно се запре развојот на безбедносниот систем и на тој начин се овозможи нестручни кадри да бидат вработени, а не ретко и да раководат со безбедносниот систем.

Кризата во Република Македонија од 2001 година, на површина ги исфрли сите недостатоци на македонскиот безбедносен систем. Во овој период, во повеќе од 150 населени места, полицијата не можеше

---

[623] http://www.uni-graz.at/opv1www_ustav_makedonija_mak.pdf.
[624] http://www.pravo.org.mk/documentDetail.php?id=34.

да ја врши својата функција. Тоа се смета за најголемиот пропуст на македонскиот безбедносен систем во периодот на неговото етаблирање.

Македонскиот безбедносен систем низ сите овие години ги преживеа истите болести, како и Република Македонија, како држава. И тоа е нормално од проста причина што беше невозможно системот за безбедност да биде изолиран од случувањата во државата. Имаше моменти кога безбедносниот систем на Р. Македонија добро ја извршуваше својата функција, но исто така, имаше и моменти кога тој сериозно потфрли. Во иднина, за да се избегнат таквите ситуации, потребно е и натаму сериозно да се работи на изградбата на безбедносниот систем како најзначајна алка во функционирањето на државата. Тоа е единствениот и вистинскиот пат да се изгради безбедносен систем кој во иднина активно ќе придонесува во колективниот систем за безбедност.

## 3. ЗАКЛУЧОК

Развојот на безбедносниот систем неспорно е еден од најважните елементи во развојот на државата. Силен безбедносен систем е основа и за функционирање на правото и развојот на правната држава. Оттука со право може да се заклучи дека безбедносниот систем и тоа како е неоходен во растот и развојот на државата и правото. Без систем на безбедност кој ќе е подготвен да се справи со сите предизвици не може да зборуваме за развој на државата и функционирање на правото.

## ЛИТЕРАТУРА

[1] Декларација за поддршка на стратегиските интереси на Република Македонија, Охрид, 10 ноември 2004.
[2] Влада на Република Македонија, Политичка рамка на СОП, Скопје, октомври 2003.
[3] Програма за трансформцијана Армијата на Република Македонија, Влада на РМ, Скопје, мај 2004.
[4] Стратегија за развој и формирање на Национален координативен центар (НКЦ), стр. 6-7.
[5] Буџакоски, С., Разузнавање, Коста Абраш, Охрид, 2005, стр. 529.
[6] Реформите на безбедносниот сектор во Република Македонија и нивното влијание врз борбата против криминалитетот, Зборник на трудови од меѓународната научна и стручна конференција одржана на 15. 09. 2012 година во Скопје, стр. 10.
[7] Службен весник на РМ број: 45/1998, 19/95, 42/2001,46/2004, 7/2005, 46/2006, 114/2006, 37/96, 15/97, 70/2001, 55/2002,84/2003, 80/39, 19/04;
[8] Устав на РМ член 68,84, 86 и 91;
Интернет ресурси:
[9] http://arhiva.vlada.mk/files/Vladina_koncepcija_za_bezbednost.pdf
[10] http://www.igu.gov.mk/?q=node/17.
[11] http://mioa.gov.mk/files/pdf/dokumenti/ZAKON_ZA_SLEDEWE_NA_KOMUNIKACIITE.pdf.
[12] http://www.unigraz.at/opv1www_ustav_makedonija_mak.pdf
[13] .http://www.pravo.org.mk/documentDetail.php?id=34.
[14] http://arhiva.vlada.mk/files/Vladina_koncepcija_za_bezbednost.pdf.
[15] http://www.president.gov.mk/.
[16] http://vlada.mk/node/22.
[17] http://www.sobranie.mk/